Врз основа на член 23, а во врска со член 11 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија и Одлуката за единствени критериуми во материјално - финансиското работење на Здруженијта на пензинери и Сојузот на здруженија на пензинерите на Македонијабр. 03-02/185 од 24.03.2014 година, Извршниот одбор на Сојузот, на седницата одржана на 27.5.2019 година донесе

# ПРАВИЛНИК

## за учество во обезбедување на финансиски средства за материјална подршка на Здруженија на пензионери – членки на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија

Член 1

Со овој Правилник се утврдуват условите, начинот и постапкта за учество на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија (во натамошниот текст: Сојузот) во обезбедување на финансиски средства на Здруженија на пензионери – членки на Сојузот за остврување на целите и задачите утврдени со член 11 од Статутот на Сојузот.

Член 2

За остврување на целите и задачите утврдени во членот 11 од Статутот на Сојузот **за сите здруженија на пензионери** се обзбедува учество на финансиски средства под услов здружението на пензионери да ја остварува следната активност, и тоа:

1. Здруженија на пензионери кои се домаќини на одржувањето на Регионални ревии на песни, музика и игри и Регионални спортски натпревари;
2. Здруженија на пензионери кои организираат масовни пензионерски средби како што се Еленец во организација на ЗП Македонска Каменица, Ореовица во организација на ЗП Радовиш и Конче, Лесново во организација на ЗП Пробиштип, пензионерските средби во Дојран, Тетово, Томина недела во организација на ЗП Виница, Пантелеј во организација на ЗП Кочани, Блакцето на баба во организација на ЗП Велес и средбата во Драгобраште во организација на ЗП Виница;
3. Здруженија на пензионери кои ќе покажат интерес да организират масовни пензионерски средби на други локалитети во Републиката;

Член 3

За подршка на **помалите здруженија на пензионери**, а со цел унапредување на условите на корисниците на пензија што членуваат во тие здруженија, Сојузот обзбедува учество на финансиски средства под услов здружението на пензионери да ја остварува следната активност, и тоа:

1. Изградба на Клубови на пензионери каде што нема изградени такви клубови или за адаптација на Клубови на пензионери кои се во лоша состојба;

2. Адаптација на работни простории на Здруженија на пензионери кои се сместени во несоодветни простории;
3. Одбележување на значајни настани, јубилени, датуми од основање на здружението најмалку 30 години и друго;
4. Отварање на потстраница во страницата на Сојузот.

Член 4

Под помало здружение согласно член 2 на оваа одлука се смета здружение на пензионери во кое членуваат до 2000 членови – корисници на пензија.

Член 5

За спроведување на овој Правилник за одделни случаи Извршниот одбор на Сојузот може да формира повремена комисија.

Член 6

За учество во обезбедување на средства од член 2 точка 1 и 2 на овој Правилник здружението на пензионери ќе достви финансиска конструкција на вкупно потребните средства7 а Сојузот може на учествува најмногу во висина најмногу до 40.000 денари.
Приоритет при одобрување на средствта има здружение со помал број на членови, а во случај на ист број на членови, здраужението кое прво поднело барање.
По завршента активност од член 3 точка 1 и 2 на овој член, здружението на пензионери е во обврска да достави Извештај за искористените средства.

Член 7

Извршниот одбор на СЗПМ ќе донесе Одлука за висината на средствата за материјална подршка и нивната намена во согласност со Програмата на Сојузот и Финансискиот план за тековната година.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување

Извршен одбор на СЗПМ
Претседател,
Станка Трајкова

Бр.
Скопје, 2019